# 346. ДА МИ КУПИШ ПУШ ЕЛЕЧЕ




Да ми купиш дервиш Бајрам, пуш елече.
- Ќе ти купам, пиле Ѓуло, пуш елече,
очи немам, пиле Ѓуло, да те видам.

- Да ми купиш, дервиш Бајрам, шарен шалвар,
- Ќе ти купам, пиле Ѓуло, ќе ти купам,
очи немам, пиле Ѓуло, да те видам.

- Ак' не можиш, дервиш Бајрам, да ме видиш,
раци имаш, дервиш Бајрам, да распетлаш,
да распетлаш, дервиш Бајрам, пуш елече.

Ак' не можиш, дервиш Бајрам, да ме видиш,
Амет очи има, Бајрам, да ме види,
да ме види, дервиш Бајрам, да меземе.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995